Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ
DREJTORIA PËR SIGURI TË INFORMATAVE TË KLASIFIKUARA
Бр.-Nr. 01 - 427/12
31. 12. 2020 год.-viti
Скопје-Shkup

# ГОДИШЕН ПЛАН
# НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ
# ЗА 2021 ГОДИНА

Врз основа на член 69 став 3 од Законот за класифицирани информации(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19), директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, донесе

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА 2021 ГОДИНА

## ВОВЕД

Системот за заштита на класифицираните информации претставува комплексен сет на мерки и активности коишто се преземаат во насока на справување со ризиците од безбедносно нарушување и компромитирање на информациите коишто согласно со закон мора да се заштитат од неовластен пристап и се обележани со соодветен степен на безбедносна класификација. Како еден од столбовите на националната безбедност и фактор на заемно почитување и доверба во меѓународната соработка, одржувањето на функционален и ефикасен систем на заштита на класифицираните информации бара висока професионалност и посветеност.

Согласно статусот на Република Северна Македонија како полноправна членка на НАТО и земја аспирант за членство во Европската унија, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (во натамошниот текст: Дирекцијата), во својство на Национален безбедносен авторитет, ја спроведува безбедносната политика во согласност со безбедносни стандарди на НАТО/ЕУ преку преземање мерки и активности за административна, за физичка, за информатичка и за индустриска безбедност, како и за безбедност на лицата корисници на класифицирани информации. Имајќи ја предвид променливоста на заканите и ризиците за компромитирање на класифицираните информации, Дирекцијата континуирано работи на имплементацијата на регулативата и на мерките и активностите коишто придонесуваат кон зголемување на подготвеноста на органите на државната управа и на другите релевантни институции за превенција и пресретнување на сите видови на закани за безбедноста на класифицирани информации.

За спроведување на националната безбедносна политика и на политиката на НАТО и на ЕУ, органите на државната управа, институциите и другите правни лица се должни да создадат услови неопходни за заштита на класифицирани информации и да преземат мерки за елиминирање на негативните последици во случај на откривање на класифицираните информации. На тој начин е создадена мрежа на подрегистри и лица за безбедност на класифицираните информации, односно систем којшто ја обезбедува заштитата на класифицираните информации. Дирекцијата се грижи за негово соодветно функционирање преку механизмот на инспекциски надзор и контрола.

Соодветната имплементација на националната регулатива, почитувањето на меѓународните стандарди за заштита на класифицираните информации, како и уредната размена на класифицирани информации согласно воспоставените процедури, придонесуваат за подигање на степенот на безбедноста и заштитата на класифицираните информации, како и за унапредување на безбедносната култура кај лицата корисници на класифицирани информации.

## БЕЗБЕДНОСНА ОРГАНИЗАЦИЈА, ЛЕГИСЛАТИВА И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

### *Безбедносна организација*

Согласно законската надлежност да врши координација на активностите во обезбедувањето заштита на класифицираните информации со државните органи и институциите кои вршат размена на класифицирани информации со странски држави и меѓународни организации, во 2021 година Дирекцијата активно ќе работи на обезбедување на безбедносните стандарди за ракување со класифицирани информации во државните органи, институции, јавни и приватни компании коишто се составен дел од воспоставениот регистарски систем за заштита на класифицирани информации. Согласно Законот за класифицирани информации(*), отворањето нови подрегистри ќе биде овозможено по добиена согласност од Дирекцијата за исполнување на условите за воспоставување подрегистри и контролни точки.

Во 2021 година ќе продолжат и активностите за определување офицери за безбедност на класифицирани информации од страна на институциите, таму каде што за тоа ќе се јави потреба, а Дирекцијата активно ќе биде вклучена во нивно обучување. При спроведувањето на обуките, акцент ќе биде ставен на зајакнатата улога на офицерите за безбедност преку нивните законски обврски и задолженија за доследно следење на воспоставените процедури и соодветната примена на безбедносните мерки и стандарди во нивните матични институции. Важен дел од обуката ќе бидат и насоките за определување соодветен степен на класификација на информациите со цел пропорционално вложување во човечки и материјални ресурси и обезбедување транспарентност во институционалното работење.

Во услови на ограничени буџетски средства и економска истрошеност заради светската здравствена криза со COVID-19 пандемијата во 2020 година, Дирекцијата и во 2021 година ќе се фокусира кон искористување на одредени поволности од претпристапните инструменти на ЕУ, од партнерските служби и ќе бара други можности за едукација на персоналот. Заради постигнување поголема препознатливост во национални и меѓународни рамки, а пред сè заради развивање на институционалните капацитети (човечки, материјални, технички), Дирекцијата ќе продолжи да работи на создавање нови партнерства, проектни задачи и други облици

на соработка со конституенти од државниот, приватниот, невладиниот сектор како и со академските установи и претставништва на меѓународни организации во земјата.

*Легислатива*

Со цел заокружување на започнатиот процес за воведување измени во легислативата со донесување на новиот Закон за класифицирани информации(*) и неговото влегување во сила на почетокот на јануари 2020 година, во 2021 година ќе продолжи работата на новите подзаконски акти што произлегуваат од него. Така, во првата половина од годината, акцентот ќе биде ставен на процедурите за донесување на новите уредби со коишто ќе бидат уредени прашања од доменот на административната, физичката, информатичката и индустриската безбедност, како и безбедноста на лицата корисници на класифицирани информации.

Зависно од воспоставената динамика на меѓуинституционалната Работна група за криптозаштита којашто има за цел да ја изработи уредбата со којашто ќе се уреди системот за криптозаштита во Република Северна Македонија, во текот на 2021 година Дирекцијата активно ќе остварува соработка со носителите на криптозаштитата во земјата.

Во 2021 година ќе продолжат и активностите за измена на постојните и за донесување нови интерни акти со коишто ќе се регулираат прашања од доменот на функционирање на Дирекцијата, вклучувајќи ги и актите за внатрешна организација и систематизација на работните места во Дирекцијата.

Грижејќи се за доследна примена на важечката регулатива за безбедност на класифицирани информации, во текот на годината Дирекцијата ќе продолжи да ги следи постапките за донесување нови закони и за воведување измени во постојните закони на други органи на државната управа коишто содржат одредби за класифицирани информации. Продолжувајќи ја тенденцијата за обезбедување високо ниво на усогласеност на релевантните национални закони со Законот за класифицирани информации и придружните подзаконски акти, согласно потребата, Дирекцијата ќе иницира постапки за усогласување на законите.

Во рамките на определбите на Дирекцијата за континуирано спроведување на НАТО и ЕУ безбедносните политики, во текот на 2021 година Дирекцијата преку своите претставници во дипломатските претставништва при НАТО и ЕУ во Брисел ќе продолжи да ја следи новопроизведената легислатива од Евроатланските структури, доследно да ја применува истата и да презема чекори во насока на целосна заштита на НАТО и ЕУ класифицираните информации што се отстапени на користење на Република Северна Македонија.

*Човечки ресурси*

Во делот на управувањето и развојот на човечки ресурси, во 2021 година Дирекцијата ќе продолжи редовно да ги извршува обврските што произлегуваат од Законот за административни службеници и од Законот за вработените во јавниот сектор, со цел непречено, ефикасно и ефективно извршување на сите работни задачи и цели на Дирекцијата. Притоа, активностите ќе бидат насочени кон зајакнување со професионален кадар и кон унапредувања и распоредувања на административните службеници во Дирекцијата согласно важечките прописи.

Во текот на 2021 година навремено ќе се преземаат активностите што произлегуваат од функциите на управување со човечките ресурси, пред сè, изработка на Годишниот план за вработување во Дирекцијата, на Годишниот план за обуки на административните службеници како и на Полугодишен и Годишен извештај за реализирани обуки, План за годишни одмори на вработените за 2021 година, како и изработка на решенија за потребите на вработените по сите основи. Воедно, вработените во Дирекцијата редовно ќе бидат запознавани со новините од Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор, како и со подзаконските акти што произлегуват од нив.

Во текот на годината ќе се продолжи со навременото ажурирање на податоците на електронската евиденција во системот на HRMIS.

Во делот на надградување на постојниот кадар на Дирекцијата ќе се реализираат активности за номинација на вработените на обуки, за водење евиденција за посетеноста и за ефектите од посетените обуки и ќе се продолжи со користење на апликацијата за Микроучење и на апликацијата за системот за управување со учењето (СУУ). Врзано за обуките што ги вршат вработените од Дирекцијата за корисниците на класифицирани информации, ќе бидат преземени активности за координација и спроведување на обуките со барателите на обука.

Согласно законски утврдените рокови, во 2021 година ќе се спроведе оценувањето на ефектот на административните службеници, а ќе продолжи да се води евиденција и редовно ќе се известува за правичната застапеност на припадниците на заедниците во Република Северна Македонија за потребите на Народниот правобранител и на други државни органи. Исто така, ќе продолжат и активностите поврзани со упатување на вработени од Дирекцијата во Делегацијата на Република Северна Македонија при НАТО и во Мисијата при ЕУ во Брисел.

Во првиот квартал од 2021 година е предвидена ревизија на функционалната анализа со цел изработка на Правилник за систематизација на работните места и Правилник за внатрешна организација. Како редовни активности ќе продолжат соработката со Фондот за здравствено осигурување (ФЗО) и со Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (ПИОМ).

Во текот на годината ќе се спроведуваат активности врзани за ЦАФ моделот и ќе се следи процесот за реформа на јавната администрација.

## АДМИНИСТРАТИВНА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Во Одделението за странски класифицирани информации како главни цели за работа на годишно ниво ќе бидат: законито ракување, чување, дисеминација на класифицирани и некласифицирани странски и национални информации до крајните корисници, како и архивирање и уништување на непотребните и сите други за кои се оценило дека нема повеќе потреба од нивно чување. За реализација на ваквите цели и за оваа година ќе се ангажираат сите вработени во Одделението согласно нивните работни задачи и обврски.

Правилното ракување со класифицирани информации останува како императив во работењето на сите субјекти во државата. Во таа насока Одделението и понатаму ќе продолжи со заложбите за давање стручна помош на сите корисници на класифицирани информации од доменот на административната безбедност во текот на целата година преку презентации, обуки советувања и слично.

Во рамките на редовните годишни активности, Одделението предвидува преглед и одбир на архивската граѓа и документарниот материјал за 2016 година. Се предвидува изработка на соодветни пописни листи и потврди за уништување на одбраниот документарен материјал како и уништување на истиот согласно прописите за уништување на класифициран и некласифициран материјал. Со оглед дека процесот за архивирањето и уништувањето на класифицираниот материјал е редовна активност и за подрегистрите на Дирекцијата, Одделението ќе зема активно учество во текот на реализацијата со испраќање на свои вработени како членови на комисиите за уништување на одбраниот документарен материјал.

Во текот на 2021 година Одделението со своите капацитети за работа од доменот на административната безбедност активно ќе учествува и ќе постапува по барања од разни субјекти за мислења за закони, правилници, упатства, интерни акти и други акти во врска со административната безбедност на класифицираните информации. Како дел од секоја годишна програма, За потребите на Дирекцијата, Одделението во 2021 година доколку биде потребно ќе учествува во изработување (ажурирање) на листа на архивски знаци за распоредување на актите за 2022 година.

Заради стручно усовршување и надградување, а согласно потребите за континуирано учење на работното место, предвидено е вработените од Одделението во 2021 година согласно Годишниот план за обуки ќе посетуваат специјализирани обуки од доменот на безбедноста на информациите, учење преку системот за микроучење како и индивидуално стручно усовршување.

Заради целосна реализација на целите и задачите, Одделението ќе изработува годишни и месечни планови за работа, како и годишни и месечни извештаи за реализација на планираните активности.

## ФИЗИЧКА БЕЗБЕДНОСТ

Во делот на физичката безбедност на класифицираните информации во 2021 година акцент ќе биде ставен на зголемување на бројот на обуки во државните органи, како и во приватните компании, со цел детално запознавање на корисниците со неопходноста од правилната проценка на применетите мерки за заштита на класифицираните информации.

Во измените на подзаконските акти кои се планираат да бидат донесени во текот на 2021 година ќе бидат имплементирани позитивните искуства од земјите членки на Европската унија, кои се во насока на подобрување на подзаконската регулатива во делот на физичката безбедност.

Во делот на одржувањето на воспоставените стандарди за физичка безбедност во Дирекцијата, и на нивна соодветна надградба, ќе биде ставен акцент на детектирање на потребите од надградба на постојните системи во Дирекцијата, поради НАТО интегративните процеси и обврските кои произлегуваат членството на Република Северна Македонија во НАТО алијансата. Одржување и унапредување на безбедносните стандарди во институциите и во приватните компании каде што се ракува со класифицирани информации ќе продолжи и во 2021 година. Истата обврска продолжува и со членството во НАТО која важи и за останатите органи кои е потребно да го водат НАТО интегративниот процес.

И во 2021 година се очекува во доменот на физичка безбедност да се има активна улога во спроведувањето на безбедносната политика на Дирекцијата. Во соработка со Одделението за вршење инспекциски надзор и обврските кои произлегуваат од неговата работа во текот на 2021 година, Одделението за физичка безбедност проактивно ќе делува на линија на давање на стручна помош на органите и институциите во спроведувањето на законската регулатива. Одделението ќе работи на иста линија и со Одделението за информатичка безбедност во процесот на акредитација на комуникациско-информациски системи (КИС).

Покрај поддршката на работењето на Одделението за информатичка безбедност и Одделението за инспекциски надзор, Одделението за физичка безбедноат ќе продолжи во континуитет да дава поддршка и на процесот на сертификација на правните лица корисници на класифицирани информации.

И во 2021 година ќе продолжи активното учество на вработените од Одделението во меѓуинституционалните проекти, од доменот на физичката безбедност на класифицирани информации. Заради зајакнување на човечките

ресурси, а согласно потребите за континуирано учење на работното место, предвидено е вработените од Одделението во 2021 година да посетуваат специјализирани обуки од доменот на физичката безбедност на класифицираните информации.

## БЕЗБЕДНОСТ НА ЛИЦА КОРИСНИЦИ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Во делот на безбедноста на лица корисници на класифицирани информации во текот на 2021 година ќе се врши прием и обработка на барањата за вршење на оперативни проверки, издавање безбедносни сертификати за физички лица и дозволи за пристап до класифицирани информации како и континуирана комуникација и координација на работата со овластените лица од државните органи, институциите, јавните и приватните компании. Воедно, во текот на целата година ќе се преземаат активности за редовно брифирање и ребрифирање на лицата кои добиваат, односно поседуваат безбедносен сертификат.

Во текот на првата половина од 2021 година, во делот на регулативата за безбедност на лица корисници на класифицирани информации, акцент ќе биде ставен на изработката на нова Уредба за безбедност на лица корисници на класифицирани информации.

Согласно законските надлежности, во текот на 2021 година ќе се планираат и изведуваат специјализирани обуки за офицерите за безбедност од државните органи и институции, како и приватни компании кои ќе бидат задолжени за спроведување на одредбите од Законот за класифицирани информации во нивните организации.

Со цел подобрување и олеснување на процесот на работа, во почетокот на годината, се планира имплементирање на нов софтвер за евиденција и изработка на безбедносни сертификати.

Во периодот ноември-декември 2021 година по посебен план ќе се изврши ребрифирање на офицерите за безбедност за класифицирани информации од државните органи и институции, јавните претпријатија во Република Северна Македонија, како и годишно ребрифирање на вработените во Дирекцијата.

Заради континуитет и контрола на постоење на безбедносен ризик за лицата кои поседуваат безбедносен сертификат, до службите редовно на шест месеци ќе се доставуваат извештаи за издадени безбедносни сертификати. Исто така во текот на целата година ќе се следи состојбата со законските рокови за извршување на оперативни безбедносни проверки и ќе се интервенира кај одговорните служби за завршување на постапките.

Во текот на 2021 година ќе се имплементираат на безбедносните политики за безбедност на класифицирани информации и спроведување на процедури за

издавање на безбедносни сертификати, исто така ќе се организираат разни формати на соработка со безбедносните служби како што се советодавни состаноци, работилници, семинари, работни групи од областа на персоналната безбедност.

Во текот на 2021 година во континуитет ќе се одвиваат безбедносните подготовки на лицата кои заминуваат на работа во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во странски земји.

## ИНДУСТРИСКА БЕЗБЕДНОСТ

Искуствата од претходната година и зголемениот интерес за индустриската безбедност на класифицирани информации укажуваат на потребата за интензивирање на активностите во овој домен во 2021 година. Тоа подразбира вклучување на Дирекцијата при подготовката на постапката за објавување класифицирани тендери на државните органи и на јавните претпријатија и во процедурите предвидени во тендерските услови, како и во изработката или давање мислења за безбедносните аранжмани при склучување класифицирани договори.

Еден од приоритетите во доменот на индустриската безбедност на класифицираните информации во 2021 година ќе биде контролата на условите за чување и работа со класифицирани информации и издавање безбедносни сертификати за правни лица за учество на класифицирани тендери и класифицирани национални и меѓународни договори. Од тие причини се планираат редовни и вонредни инспекциски надзори во приватните компании за обезбедување на неопходните стандарди за ракување со класифицирани информации.

Приоритет во доменот на индустриската безбедност на класифицираните информации во 2021 година е обука на офицерите за безбедност на класифицирани информации од државните органи и други правни лица во Република Северна Македонија во доменот на индустриската безбедност.

Заради членство на Република Северна Македонија во НАТО се очекува зголемување на можностите за учество на домашните компании на класифицираните тендери на НАТО. Согласно тоа акцентот во работата на Дирекцијата во овој домен на безбедноста на класифицираните информации во 2021 година ќе биде ставен на обезбедувањето услови за можно учество на македонски фирми на класифицирани тендери објавени од страна на НАТО и на ЕУ. Како резултат на тоа, ќе зајакне улогата на националното тело за НАТО и за ЕУ класифицирани тендери/договори (NDnA).

Во 2021 година ќе следи усвојување на нова Уредба за индустриска безбедност на класифицирани информации. Исто така, се предвидува и изработка и усвојување на безбедносен прашалник и за правни лица. Истиот ќе помогне во спроведувањето

на безбедносните проверки за правните лица во процесот на издавање на безбедносни сертификати за правни лица.

## ИНФОРМАТИЧКА БЕЗБЕДНОСТ

Во текот на 2021 година се очекуваат интензивни активности во доменот на информатичката безбедност на класифицираните информации. Во делот на легислативата, ќе следи донесување на нова Уредба за безбедност на комуникациско-информациски системи (КИС). Наведената Уредба ќе биде во согласност со сродните документи на НАТО/ЕУ со што во целост би се ажурирала легислативата во оваа област.

Одделението за информатичка безбедност и комуникациско-информатичка поддршка во 2021 година ќе продолжи да работи во насока на целосно исполнување и подигнување на стандардите за информатичката безбедност во согласност со измените на безбедносните политики на НАТО/ЕУ и директивите за информатичка безбедност. Во тие рамки, а во согласност и со националната регулатива, и понатаму во континуитет ќе се врши редовна проверка, одржување, ажурирање и надградба на комуникациско-информатичките системи во Дирекцијата. Надградбата на системите и воведување на нови сервиси, како и целосно дигитализирање на сите процеси во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, а согласно новите измени во Законот за класифицирани информации, ќе биде врвен приоритет на Одделението.

Дирекцијата, како авторитет задолжен за спроведување на безбедносните политики на НАТО/ЕУ и во текот на 2021 година, согласно регулативите на НАТО/ЕУ, ќе продолжи да ја исполнува обврската за одржување на постојните системи во мрежата за размена на странски класифицирани информации во Дирекцијата и во регистрите за странски класифицирани информации во останатите институции.

Националното тело за безбедност на комуникациите (NCSA), ќе продолжи во континуитет, и по појавена потреба да ја остварува својата улога на надзор врз безбедноста на комуникациите на системите на поединечни државни органи за размена на класифицирани информации со странски субјекти и спроведување на договорените процедури.

За 2021 година е планирано интензивирање на активностите за безбедносна акредитација на комуникациско-информатичките системи низ кои се процесираат класифицирани информации во државните институции. Во текот на 2021 година се очекува да се изврши безбедносната акредитација во неколку важни институции кои ракуваат со голем број на класифицирани информации во електронска форма. Како една од поважните активности се предвидува имплементација и безбедносна акредитација на КИС во Постојаната делегација на РСМ при НАТО.

Во однос на комуникациско-информациските системи, во Дирекцијата и во клучните министерства и институции, во кои ќе се обработуваат и пренесуваат НАТО класифицирани информации во електронска форма, ќе се комплетира постапката за нивна безбедносна акредитација со цел исполнување на предвидените безбедносни стандарди на НАТО. Паралелно со безбедносната акредитација, Националното тело за акредитација, коешто функционира во рамките на Дирекцијата, ќе пристапи кон изработка на препорачана листа за хардверска опрема и софтвер кои ќе можат да се користат во националните класифицирани комуникациско-информациски системи. Во таа насока се планираат и интензивни контакти со водечките информатички компании во Република Северна Македонија коишто се занимаваат со продажба на хардвер, како и посета на светски саеми на кои се презентираат најновите достигнувања во хардверскиот и софтверскиот дел, а со цел следење на новите технолошки трендови, нивно тестирање и евентуално акредитирање за користење во класифицирани комуникациско-информациски системи.

Во однос на ТЕМПЕСТ сегментот, како еден важен дел во информатичката безбедност, Дирекцијата во 2021 година ќе изврши набавка на соодветна опрема за зонирање на објекти во коишто се процесираат класифицирани информации во комуникациско-информациски системи. Со ова би се придонело во унапредување и подигање на степенот на безбедност на класифицираните информации во сите државни институции во Република Северна Македонија и намалување на нивните финансиски трошоци за набавка и одржување на ТЕМПЕСТ опрема, како и исполнување на една од целите за целосна интеграција на Република Северна Македонија во НАТО.

Во однос на сајбер безбедноста на класифицираните информации Дирекцијата во својот Стратешки план, како дел од стратешките цели и приоритети, го има предвидено и унапредувањето на степенот на заштита на националните мрежи низ кои се процесираат класифицирани информации по електронски пат и нивна заштита од сајбер напади. Како конкретна цел во остварувањето на својата стратешката цел број 1 Дирекцијата ја има предвидено сајбер безбедноста и подигнувањето на нивото на свест во оваа област.

Во таа насока во текот цела 2021 година Дирекцијата активно ќе работи на обезбедување на ефикасен систем за заштита на класифицираните информации во сајбер просторот преку континуирано унапредување на степенот на заштита од сајбер напади и сајбер шпионажа на националните системи и мрежи низ кои се процесираат класифицирани информации како и подигнување на нивото на свест за сајбер безбедност кај корисниците на класифицирани информации. Наведената активност е во согласност и со обврските на Дирекцијата во реализацијата на Акцискиот план за имплементација на Националната стратегија за сајбер безбедност на Република Македонија за 2018-2022 година.

Во рамките на подобрување на условите во работата на Дирекцијата, во 2021 година ќе се продолжи со унапредување, надградба, администрирање и одржување на единствениот комуникациско-информациски систем во Дирекцијата за класифицирани информации базиран на SOA (Service Oriented Architecture) преку кој на вработените во Дирекцијата ќе им бидат овозможени нови сервиси и услуги за потребите во нивното работење.

Својата активна улога на Национален безбедносен авторитет во одржувањето и развојот на информатичката безбедност во Република Северна Македонија, Дирекцијата ја врши и преку давање на континуирана стручна помош и мислење во изработка на стручни решенија, донесување на акти сврзани со оваа материја и континуирани обуки на корисниците на класифицирани информации, што се предвидува да продолжи и во 2021 година.

## ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Во 2021 година, вршењето на инспекцискиот надзор на безбедноста на класифицирани информации, целосно ќе се спроведува врз основа на материјалниот закон, Законот за класифицирани информации(*) и ново донесените правилници од доменот на инспекцискиот надзор, како и во согласност со Законот за општата управна постапка, Законот за инспекциски надзор и Законот за прекршоците.

По донесувањето на новите уредби за административна, за персонална, за физичка, за информатичка и за индустриска безбедност на класифицирани информации ќе се заокружи правната рамка за безбедноста и заштитата на класифицираните информации што е предуслов за успешно извршување на инспекцискиот надзор и примена на тие мерки, активности и критериуми во субјектите на надзор кои ракуваат со класифицирани информации.

При вршењето надзор врз заштитата на НАТО класифицираните информации што се отстапени на Република Северна Македонија како полноправна членка на НАТО алијансата, ќе се постапува согласно важечките НАТО директиви и пропратни документи.

Одделението за вршење на инспекциски надзор на безбедноста на класифицирани информации ќе врши инспекциски надзор во органите на државната и локалната власт основани согласно со Уставот на Република Северна Македонија и со закон, правни лица основани од Републиката или од општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, како и на други правни и физички лица преку овластените инспектори за безбедност на класифицирани информации кои се должни да постапуваат согласно законот и прописите и обезбедуваат објективна примена на Законот за класифицирани информации и другите прописи од областа на класифицираните информации.

Опсегот на работата на инспекторите за безбедност на класифицирани информации во 2021 година ќе биде вршењето на надзор врз спроведувањето на утврдената политика за заштита на националните класифицирани информации и на странските класифицирани информации отстапени на користење на Република Северна Македонија, заради нивно законито користење и оневозможување на секаков вид незаконски пристап, надзор врз утврдените безбедносни стандарди и критериуми за заштита на националните и странските класифицирани информации кај субјектите кои се предмет на инспекциски надзор, како и изрекување инспекциски мерки и санкции заради отстранување на утврдените неправилности и непочитување на законските прописи во заштитата на класифицираните информации.

Донесениот Годишен план за 2021 година, одобрен од страна на директорот на Дирекцијата, ќе биде основа врз кој ќе се врши инспекцискиот надзор. Активностите ќе се реализираат согласно месечните планови за секој инспектор. Во органите на државната управа, регистрите за странски класифицирани информации и во други субјекти од јавен и безбедносен интерес во земјата ќе се спроведуваат редовни и контролни инспекциски надзори, како и вонредни инспекции по дојава заради утврдување на условите за работа со странските и со националните класифицирани информации.

Акцентот на инспекцискиот надзор во 2021 година ќе биде ставен на веќе започнатите постапки за инспекциски надзор од претходните години и завршување на истите. Со континуиран и квалитетен надзор инспекторите ќе придонесат кон изградбата на ефикасен и одржлив систем за заштита на класифицираните информации, за негово постојано унапредување и за воспоставување високо ниво на безбедносна култура и на капацитети за заштита на класифицирани информации кај субјектите кој се предмет на инспекциски надзор.

Во однос на начинот на ракување и чување на НАТО и ЕУ класифицираните информации во Република Северна Македонија, согласно ратификуваните меѓународни договори, Дирекцијата и воспоставената мрежа на подрегистри во државните институции за таа намена ќе бидат предмет на инспекциски надзор од страна на надлежните служби на НАТО и на ЕУ.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Соработката на Дирекцијата со националните безбедносни авторитети на странски земји и со други организации и сродни служби ќе продолжи со несмален интензитет и во текот на 2021 година. Воедно, ќе продолжат и активностите за склучување билатерални спогодби и договори за размена и заемна заштита на класифицирани информации на ниво на Влада, преку организирање и предводење на

преговорите за склучување билатерални спогодби од доменот на заштитата на класифицираните информации.

Притоа, акцент ќе биде ставен на продолжување на активностите за потпишување на билатералниот договор со САД и на активностите врзани со иницијативите за влегување во договорна соработка со Грција, со Норвешка, со Португалија, со Молдавија и со Израел. Активностите за започнување билатерални преговори за склучување договори на владино ниво во доменот на размената и заемната заштита на класифицирани информации во текот на годината ќе бидат приоритетизирани согласно интегративните процеси на земјата.

Во контекст на регионалната соработка, во 2021 година Дирекцијата ќе продолжи да го дава својот придонес во иницијативите за соработка на националните безбедносни авторитети на земјите од регионот. Тоа подразбира учество на годишните средби на раководителите на националните безбедносни авторитети и на работилниците и работните состаноци на експертите за безбедност на класифицирани информации во Форумот за соработка на националните безбедносни авторитети од Југоисточна Европа (SEENSA) и во Иницијативата за соработка на националните безбедносни авторитети на шест држави од поранешна Југославија - 6S.

Врзано за евроинтеграциските процеси на Република Северна Македонија во коишто Дирекцијата е активен носител на активностите во доменот на безбедносните прашања, во текот на 2021 година Дирекцијата ќе продолжи активно да учествува во меѓуинституционалните активности за изработка на стратешките документи врзани за подготовките на земјата за членство во во ЕУ. Воедно, ќе продолжи да ја развива и соработката со надлежните служби на НАТО и на ЕУ коишто ја следат имплементацијата на безбедносната политика во доменот на заштитата на класифицираните информации во Република Северна Македонија.

Соработката со НАТО пред сѐ ќе вклучи активности што произлегуваат од членството на Република Северна Македонија во Алијансата, вклучувајќи подготовки и реализација на евентуална инспекциска посета од страна на НАТО Канцеларијата за безбедност во 2021 година, инспекција којашто беше откажана од страна на самата НАТО Канцеларија за безбедност поради пандемијата. Во рамките на активностите за унапредување на соработката со ЕУ, ќе продолжи учеството на Дирекцијата во работната група за изработка на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА).

Соработката со Европската комисија во контекст на користењето на инструментот TAIEX ќе продолжи и во 2021 година во насока на реализација на преостанатите активности од пакетот одобрени, а поради пандемијата, нереализирани TAIEX студиски посети, експертски мисии и работилници. Согласно динамиката на реализација на веќе одобрените активности, Дирекцијата ќе пристапи и кон подготовка на нови апликации во рамките на овој инструмент со цел размена

на искуства и стекнување дополнителни знаења од доменот на безбедноста на класифицираните информации.

Исто така, во наредната година ќе продолжи и соработката со Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор (DCAF) во доменот на владеењето на правото и зајакнување на капацитетите на Собранието на Република Северна Македонија, во рамките на DCAF Програмата за реформи во разузнавачкиот сектор на Република Северна Македонија.

Во текот на 2021 година во континуитет ќе се одржуваат воспоставените контакти со националните безбедносни авторитети на земјите од Европа и пошироко, а ќе бидат покренати и иницијативи за воспоставување нови контакти со сродни служби на земјите за коишто ќе биде пројавен интерес за поблиска соработка.

## УЧЕСТВО ВО РАБОТАТА НА МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНИ ТЕЛА И ДРУГИ ИНИЦИЈАТИВИ

Како надлежен орган за спроведување на безбедносната политика за заштита на националните класифицирани информации и на класифицираните информации што се отстапени на користење на Република Северна Македонија од страна на други странски држави и меѓународни организации, еден од приоритетите на Дирекцијата во 2021 година останува учеството во националните меѓуинституционални проекти и иницијативи насочени кон изработка на нова и кон усогласување на постојната законската регулатива за заштита на класифицираните информации, како и во работата на експертските работни групи за изработка на документи од стратегиско значење за евроинтеграцијата на Република Северна Македонија.

Во тој контекст, во 2021 година Дирекцијата ќе продолжи со своето активно учество во националните меѓуресорски проекти на експертско ниво и работни координативни групи за унапредување и усогласување на легислативата заради јакнење на институционалните капацитети и подигање на безбедносната свест кај корисниците на класифицирани информации. Еден од поважните ангажмани на претставниците на Дирекцијата во 2021 година ќе биде учеството во меѓуресорската работна група предводена од Министерството за одбрана за изработка на нова уредба за криптозаштита со што Дирекцијата ќе даде важен придонес кон уредување на системот за криптозаштита во Република Северна Македонија.

Во рамките на реформските процеси на безбедносниот систем во Република Северна Македонија, во 2021 година Дирекцијата ќе даде свој придонес во работата на меѓуинституционалната работна група предводена од Оперативно-техничката агенција (ОТА) во партнерство со Министерството за правда за реализација на проектот „Дигитализација на процесот на издавање на судска наредба за спроведување на посебната истражна мерка следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации".

Подеднакво важен придонес, во текот на годината Дирекцијата ќе продолжи да дава и кон работата на контролните механизми на Владата за следење на имплементацијата на активностите од Програмата за продолжување на реформите на Република Северна Македонија, сврзана со членството на НАТО, додека во однос на интеграциските процеси со ЕУ, Дирекцијата ќе продолжи активно да учествува во Работната група за заедничка, безбедносна и одбранбена политика (РГ-НБОП) за изработка на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА).

## ОБУКА И СОВЕТОДАВНА ПОМОШ НА КОРИСНИЦИТЕ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Во 2021 година, сите активности врзани за организирањето и посетувањето на обуки, советувања и слични настани ќе бидат предусловени од глобалната состојба со здравствената пандемија предизвикана од вирусот COVID-19. Следствено на тоа, и Дирекцијата ќе ги прилагоди своите активности за давање обуки на корисниците на класифицирани информации во органите на државната управа и институциите, во јавните претпријатија и во други правни лица во земјата, како и за учество на настани врзани со стручно усовршување на вработените преку „online“ или физичко присуство.

Зависно од развојот на состојбите, во текот на годината се предвидува да се реализираат активностите што беа планирани за реализација во 2020 година со поддршка на TAIEX инструментот на Европската комисија (една регионална работилница, една експертска мисија и две студиски посети) наменети за стручно усовршување на вработените во Дирекцијата и на офицерите за безбедност на класифицирани информации во органите на државната управа и во јавните и приватните правни лица.

Во 2021 година акцент ќе биде ставен на учењето на далечина, што со Законот за класифицирани информации(*) е воведено како предуслов за електронско аплицирање за добивање безбедносен сертификат.

Од глобалната пандемија ќе зависи и начинот на стручното усовршување на вработените во Дирекцијата во 2021 година. Имено, согласно постојните состојби, ќе продолжи „online“ или физичкото учество на работилници, на семинари и на конференции организирани од страна на државни органи и институции од земјата, од НАТО и ЕУ или од нивните земји членки, како и од националните безбедносни авторитети на други земји со коишто Дирекцијата остварува билатерална соработка. Вработените во Дирекцијата ќе продолжат да учествуваат и на стручни советувања и обуки што ќе бидат организирани од страна на приватни правни лица чијашто функција е организирање такви настани со специфична тема и содржина.

И во 2021 година предвидено е да продолжи учеството на претставници на Дирекцијата на обуки сврзани со Европската заедничка надворешна и безбедносна политика согласно програмата за обуки на Европскиот одбранбен колеџ, потоа на НАТО обуки во координација на Министерството за одбрана, како и на обуки од Академскиот календар на Европскиот центар за безбедносни студии „Џорџ С. Маршал“ во Гармиш-Партненкирхен, Германија, во координација и со поддршка на Канцеларија за соработка во одбраната на Американската амбасада во Скопје.

Воедно, согласно програмата на Министерството за информатичко општество и администрација, вработените во Дирекцијата активно ќе ги следат и ќе учествуваат во обуките за административни службеници.

Во текот на годината, на барање на корисниците на класирфицирани информации или по укажана потреба, Дирекцијата ќе продолжи да организира и да спроведува обуки за корисниците на класифицирани информации во земјата, а ќе продолжат и редовните обуки за подготовка на лицата коишто заминуваат на служба во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во странство.

## ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Финансиското работење на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во 2021 година ќе се извршува во согласност со одредбите на Законот за извршување на Буџетот и утврдените средства во Буџетот. Вкупниот буџет на Дирекцијата ќе биде реализиран преку буџетските програми за 2021 година, и тоа: Програмата 10-Администрација и Програмата 20-Спогодба за размена на класифицирани информации РСМ-ЕУ.

Една од целите на финансиското работење во Дирекцијата во 2021 година ќе биде утврдените средства во Буџетот да се користат наменски, рационално, економично и ефикасно согласно дефинираните потреби со расположивите финансиски ресурси и вклопување во рамките на фискалните можности и ограничувања. Во таа насока, во текот на годината навремено ќе се доставуваат предлог-финансиските планови за користење на средствата за даден квартал, по месеци, сметки, програми, потпрограми и ставки.

Воедно, во текот на годината континуирано ќе се спроведува процесот за идентификување на потребите од организациските структури (сектори и одделенија) задолжени за претходно донесените планови и програми во рамките на ДБКИ за финансирање на приоритетите во буџетската година.

Во 2021 година Дирекцијата ќе се грижи за успешно спроведување на финансиската политика за нејзино функционирање согласно важечката национална регулатива. Притоа редовно ќе се изработуваат документи и материјали што се

однесуваат на финансиските прашања и континуаирано ќе се следат прописите сврзани со финансиските прашања. Планот и динамиката на финансиското работење ќе се водат и реализираат според принципите, нормите и постапките кои важат во системот на планирање, програмирање, буџетирање и извршување и со нив ќе се обезбеди интегралност на сите елементи и функции во рамките на исполнување на стратешкиот план на Дирекцијата.

Подетаљно, во однос на реализираните и планираните средства за бруто плати и средства за ангажирање лица, како и спецификациите по одделни прашања од финансиското работење на Дирекцијата, врзани за користење средства за 2021 година од Буџетот на Република Северна Македонија, составен дел од Годишниот план за 2021 година се и обрасците за финансиско известување, прегледот на средства за плати и ангажирања и прегледот на вработени по националност во Дирекцијата.

Составен дел на Годишниот план за 2021 година е и Табеларниот преглед на активности на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во 2021 година.

Овој годишен план влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб страницата на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.

**Директор**

**Стојан Славески**